МАЗЗ

#CoopsDay International Day of Cooperatives

# Задругите градат подобра иднина за сите

МАЗЗ има чест и задоволство да Ве покани заедно да го одбележиме Меѓународниот ден на задруги

06.07.2024 (сабота) во 12:00 часот,

хотел Сириус Струмица

Почитувани,

Ја имам таа чест како претседател на Македонската асоцијација на земјоделски задруги, од мое лично име и од име на целата организација, да Ве поканам заедно да го одбележиме Меѓународниот ден на задруги и со Вашето присуство да придонесете за промовирање на задругарството во Р. Македонија. Македонската асоцијација на земјоделски задруги по дванаесетти пат го организира и одбележува овој многу важен ден за нас.

На 6-ти јули, задругите низ целиот св ет ќе го прослават 102-от Меѓународен ден на задруги. Овогодинашниот слоган - „Задругите градат подобра иднина за сите“ објавен од Обединетите Нации иницира задругите ширум светот да покажат како задружниот начин на работа, инспириран од задружните вредности и принципи, придонесува за остварувањ е на целите за одржлив развој како и препознавање на значајниот придонес на задругите во глобалната економија и нивната улога во градењето на поодржлива иднина.

Настанот ќе се одржи во Струмица на 06.07.2024 год. (сабота) во хотел Сириус со почеток во 12:00 часот. Искрено се надеваме на Вашето присуство и ќе ни биде особено задоволство ако заеднички го одбележиме овој наш настан.

Со почит,

МендеТрајковски
Претседател на Македонска асоцијација
на земјоделски задруги